МАПАС

## Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) прослави 10 години од своето постоење.

МАПАС секојдневно ги следи активностите на пензиските друштва и пензиските фондови преку вонтеренски и теренски контроли и организира испити и врши регистрирање и контрола на агентите за вршење маркетинг со цел овозможување правилно и фер информирање на постојните и идните членови во пензиските фондови.

МАПАС редовно одговара на поплаките и барањата од страна на членовите на пензиските фондови.

Како регулатор од областа на капитално финансираното пензиско осигурување МАПАС континуирано работи на развивање на нови и ажурирање и унапредување на веќе донесените подзаконски акти од областа на задолжителното и доброволното капитално финансираното пензиско осигурување. Во моментов има околу 50 акти кои ја регулираат областа.

МАПАС активно и во континуитет работи на развивање на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување. Тука спаѓаат едукативните кампањи за јавноста, интервјуа во медиумите и презентации за разни категории граѓани (студенти, вработени, пензионери).

МАПАС обезбедува транспарентност во своето работење и преку изготвување и дистрибуирање на редовни месечни, квартални и годишни статистички извештаи, годишен извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување и годишен извештај за своето работење, како и преку редовно ажурирање на својата веб страна за сите новости и активности.

Е - МАПАС
бр. 1

февруари 2013 година

### Мисија на МАПАС

Заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.

### Визија на МАПАС

Независна, стручна и модерна институција која го штити и унапредува пензискиот систем.

Нашите вредности се:

- професионализам
- одговорност
- тимска работа
- углед
- транспарентност
- посветеност на нашата мисија и визија

Органи на МАПАС се директор, негов заменик и Управен одбор. Во својата организациска поставеност МАПАС вклучува 4 сектори: Сектор за контрола, Секторот за истражување, Правен сектор и Сектор за административно - финансиски работи и и информатика.

Со најновите законски измени орган на Агенцијата е Советот на експерти, кој ќе биде составен од пет члена, именувани од Собранието на Република Македонија.



*Директор на МАПАС е д-р. Булент Дервиши*

**Тимот на МАПАС**



МАПАС во моментов има тим кој вклучува околу 25 лица, високостручен кадар и тоа од областа на економијата, правото, информатиката и математиката. МАПАС, од својот почеток, вложува во своите вработени и нивната стручна обука. Така во МАПАС, има пет вработени кои имаат положено испит за инвестиционо советување, еден овластен актуар и еден кој во моментов следи обука за актуар, тројца вработени со правосуден испит, еден водечки ревизор за ИСО стандардот 9001 и двајца водечки имплементатори за 27001, двајца ИТ експерти кои поседувааат лиценци од Мајкрософт за администратори на бази на податоци, итн.

**Основни активности на МАПАС**

- Секојдневни вонтеренски и теренски контроли
- Испити за агенти и контрола на агентите за вршење маркетинг
- Редовни одговори на поплаките и барањата од страна на членовите на пензиските фондови
- Подзаконски акти од областа на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување
- Развивање на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување

## МАПАС низ годините (2002 – 2012)

*2002*
- Основање на МАПАС
- Тендер за 2 пензиски друштва и издавање на 2 дозволи

*2003*
- Основање на 2 пензиски друштва и 2 задолжителни пензиски фонда

*2004*
- Почеток на зачленување и уплата на придонеси

*2005*
- Јавна кампања

*2006*
- Дизајн на третиот столб и Закон за третиот столб

*2007*
- Околу 50 подзаконски акти

*2008*
- Промотивни активности и конференции

*2009*
- Дозволи и почеток на функционирање на третиот столб

*2010*
- Закон за исплата на пензии од втор и трет столб

*2011*
- Независност на МАПАС
- Регионална работилница за пензиска супервизија во соработка со ИОПС

*2012*
- ИПА проект за поддршка на МАПАС

## Најчесто поставувани прашања

**Што значи "капитално финансирање"?**
Под капитално финансирање на средствата се подразбира дека средствата од уплатените придонеси се инвестираат и акумулираат заедно со добивката од инвестициите и се штедат се до времето на пензионирање. Во ова осигурување сите средства се евидентираат на индивидуални сметки на име на секој член на пензиски фонд управуван од специјализирани и лиценцирани пензиски друштва. Средствата на пензиските фондови континуирано се инвестираат на домашните и странските пазари на капитал и добивките од инвестирањето се акумулираат со текот на времето. По пензионирањето членот има право на сите средства од својата индивидуална сметка и тие средства ги користи за пензија за себе.

**Како да се вклучам во системот со два столба? Со кого да стапам во контакт?**
За да се вклучите во системот со два столба, треба да стапите во контакт со агент на едно од пензиските друштва и да потпишете договор за членство во пензиски фонд. Фондот на ПИОМ потоа ќе ги прераспределува Вашите придонеси секој месец до приватниот задолжителен пензиски фонд кој сте го избрале. Доколку сте незадоволни од друштвото кое сте го избрале, можете да се зачлените во друг фонд и да ги пренесете своите средства.

**Што е сметководствена единица?**
За евиденција на средствата на пензиските фондови се користат сметководствени единици. Вредноста на сметководствената единица се пресметува секој ден и зависи од движењата на цените на инструментите во кои се инвестирани средствата на фондот. Сите придонеси и приноси од инвестирањето на средствата на пензискиот фонд се претвораат во сметководствени единици.
Секој член на својата сметка поседува одреден број сметководствени единици. Бројот на сметководствени единици на сметката помножен со вредноста на единицата на тој ден ја дава вредноста на средствата во денари која ја поседува членот на својата сметка. На пр. ако членот има 200 единици, а вредноста на сметководствената единица на тој ден е 100 денари, тогаш вредноста на средствата кои тој ги поседува изнесува 20.000 денари.

Закони кои го регулираат пензиското и инвалидското осигурување во Република Македонија

- *Закон за пензиското и инвалидското осигурување*
- *Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување*
- *Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување*
- *Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување*

**Новости**

- ***На 26 декември 2012 година (МАПАС) се стекна со сертификат ИСО 9001:2008.***

Имплементацијата на стандардот се одвиваше во рамки на ИПА проект финанасиран од ЕУ. За потребите на стандардот беа изготвени оперативни процедури на МАПАС со активно учество на сите вработени на МАПАС и стандардни процедури на ИСО 9001:2008. На крај на октомври и почетокот на ноември 2012 г. се спроведе првата интерна ревизија за ИСО 9001:2008. Екстерната ревизија се спроведе во две фази од страна на сертификациската куќа ДАС од Република Србија, акредитирана од UKAS (United Kingdom Accreditation Service) во ноември и декември 2012 г.

- ***На 10 јануари 2013 година, МАПАС и Телото за финансиска супервизија (АМФ) од Република Албанија потпишаа Меморандум за соработка.***

Во развојот и напредокот на МАПАС во овие 10 години значајна улога одигра меѓународната соработка и размената на искуства со сродните супервизори од регионот и пошироко.

Затоа, одлучивме нашата мрежа на соработници да ја продлабочуваме и понатаму, а од особена важност за нас е што во неа ја имаме и Република Албанија, како наш регионален соработник. Согласно со Меморандумот за соработка, договорните страни ќе разменуваат искуства стекнати во полето на капитално финансираното пензиско осигурување, работењето на пензиските фондови, механизмите на супервизија на пензиските фондови и усвоената регулатива и правните мерки. Техничката соработка ќе се состои од размена на документи, билатерална помош со цел размена на искуства од заеднички интерес, како и соработка во полето на едукација, истражување, обуки и развој од заеднички интерес.

Имаш прашање? Јави се во МАПАС или напиши порака на contact@mapas.gov.mk.

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
Ленинградска 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452

www.mapas.gov.mk